Јавна здравствена установа
УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА
ЗА НЕВРОЛОГИЈА
Бр. 04-70/1
20.01. 2012 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 16 од Статутот на ЈЗУ Универзитетска Клиника за Неврологија, на седницата на Управниот Одбор одржана на ден 11.01.2012 година , беше донесена следната

# О Д Л У К А

## Член 1

Во Правилникот за организација и систематизација на работите и работните задачи на вработените на ЈЗУ Универзитетска Клиника за Неврологија на страница 65 да се избрише работното место БИБЛИОТЕКАР.

## Член 2

На страница 64 од Правилникот од член 1 на оваа одлука , на работното место ДЕЛОВЕН СЕКРЕТАР освен постоечките работни задачи, да се додадат уште следните работни задачи:

- Ја води и се грижи за библиотеката на Клиниката
- Издава книги и часописи на вработените,
- Соработува со библиотеката на Медицинскиот факултет и Универзитетската библиотека, т.е. дава извештаи според нивни барања,
- Технички ја води наставата на Катедрата по Неврологија,
- Технички ги припрема предиспитните тестови на Катедрата.
- Изготвува списоци за вежби на студентите по медицина и стоматологија
- Прави месечни распореди за испит на студентите,
- Извештај за обавените испити и враќање на пријавите за испит до Деканатот
- Прием и средување на индекси / за испити, потписи по завршен семестар/,
- Целата работа ја обавува компјутерски : давање информации на студенти.

Во делот 3 , од истата страница, во графата услови, да стои:
Висока стручна спрема / ВСС /, со познавање странски јазик, виша или средна стручна спрема , познавање на работа со компјутери.

## Член 3

Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

Доставено до:
- Директорот на ЈЗУ
- Персонална служба
- Архива

Претседател на Управен Одбор на ЈЗУ
Универзитетска Клиника за Неврологија

Д-р. ТАРАВАРИ АРБЕН